ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО ЗА ГОНЕЊЕ НА КРИВИЧНИ ДЕЛА
ПОВРЗАНИ И КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД СОДРЖИНАТА НА НЕЗАКОНСКОТО
СЛЕДЕЊЕ НА КОМУНИКАЦИИТЕ
С К О П Ј Е

**НСК-КО.бр.4/2017**
**Скопје, 29.03.2017 година**

**МНОГУ ИТНО!**

**До:**
**Врховен Суд на Република Македонија**
**СКОПЈЕ**

**Предмет: Повлекување на Барање за заштита на законитост КОЗ.бр.71/2017 од 27.03.2017 година**

Според информациите со кои располага Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите, на 27.03.2017 година Јавното Обвинителство на Република Македонија има поднесено Барање за заштита на законитоста со кое што бара укинување на решенијата на Основниот Суд Скопје I Скопје КС.бр.417/17 од 07.03.2017 година и на Апелациониот суд во Скопје КСЖ бр. 135/17 од 15.03.2017 година, со кои што му е определен притвор на Сеад Кочан и се предлага предметот да се врати на повторно судење и одлучување.

Од содржината на самото Барање за заштита на законитоста, неспорно произлегува дека овој вонреден правен лек е поднесен против судски одлуки донесени во предметот НСК-КО бр.4/17 на Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите.

Согласно членот 5 од Законот за Јавно обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите, исклучиво надлежен за истражување и гонење на кривичните дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите е Јавниот обвинител кој раководи со Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите, односно дека ова Јавно обвинителство е единствен функционално и стварно надлежен орган кој што има овластување да постапува по повод предметите кои што се поврзани и произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите

Согласно став 3 од истиот член, Јавниот Обвинител кој раководи со ова Јавно Обвинителство е овластен да презема дејствија и да застапува по предмети пред основните, апелационите судови и Врховниот Суд на Република Македонија.

ул. „Франклин Рузвелт " бр.34
1000 Скопје, Република Македонија
Тел: + 389 (2) 609 2854
http://www.jonsk.mk

Имајќи го предвид сето погоренаведено, јас како Јавен обвинител кој е исклучиво надлежен да постапува по предметите поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите во сите судски инстанци, **ГО ПОВЛЕКУВАМ** поднесеното Барање за заштита на законитоста КОЗ бр.71/2017 од 27.03.2017 година поднесено од Јавното Обвинителство на Република Македонија.

**Јавен обвинител за гонење на кривични дела
поврзани и кои произлегуваат од содржината
на незаконското следење на комуникациите
Катица Јанева**